# Завршени расправи во 2019

**Завршени јавна расправа за текстовите на Нацрт-програмата за работа на Агенцијата и Нацрт-годишните планови за вршење административен надзор и програмски надзор за 2020 година**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19 ноември 2019 година, отвори јавна расправа за текстовите на Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2020 година, и Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2020 година.

Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни со свои мислења и предлози во писмена форма, да учествуваат во јавната расправа и истите да ги достават по електронски пат на contact@avmu.mk или по пошта на ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје.

Јавната расправа траеше до 19 декември 2019 година.

---

Забелешки и сугестии за дополнување на Нацрт-Програмата за работа на АВМУ за 2020 година од Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата